АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примена / Pranuar: 20.07.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2910 | 1 | / |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност на Агенцијата административен надзор, реализиран по повод:

   - Доставен Допис наш арх. бр.08-246 од 12.07.2023, од Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, со што управителката известува дека има намера да ја врати дозволата, при што бевме известени дека наведената телевизија не емитува програма подолго време, заради финансиски проблеми.
   - Службената белешка од Секторот за информатичка поддршка и општи работи, односно Одделението за информатичка поддршка и технологии, до членовите на Советот на Агенцијата и до Директорот на Агенцијата, (наш арх.бр.08-246 од 20.07.2023 г.), дека изврши проверка на ИКТ системот за мониторирање на телевизиски и радио сервиси, и при проверката беше утврдено дека наведениот радиодифузер не емитува програма подолго од 90 дена, кој е утврден рок за чување на снимки на радиодифузери на регионално ниво, со што се исполнети условите од член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

2. **Субјект на надзорот:** ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип.

3. **Период опфатен со надзорот:** од 20.04.2023 година заклучно со 19.07.2023 година.

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2023 година.

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот административен надзор врз телевизија програмскиот сервис на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, реализиран во периодот од 20.04.2023 г. заклучно со 19.07.2023 г., констатирано е дека ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, повеќе од 30 дена не емитува радио програмски сервис, што претставува основ за одземање на дозволата за радио емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето:**
ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, престанало со емитување на телевизиски програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата за телевизиско емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

9. **Предлог мерка:**
Согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, се дава следната предлог мерка:

- да се покрене постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, Уп1 бр. 08-902 од 08.07.2015 година, врз основа на предлог на Директорот на Агенцијата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за информатичка поддршка и општи работи***